OSCE

# Organization for Security and Co-operation in Europe

**Канцеларија на Претставникот за слобода на медиумите**

## ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОБСЕ ЗА МЕДИУМИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

## ДЕКЛАРАЦИЈА
**"На патот кон медиумската слобода"**

*Првата конференција на ОБСЕ за медиумите од Југоисточна Европа организирана од Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина и потпомогнато од ОБСЕ Присуство во Албанија, Мисијата на ОБСЕ во Косово, Мисијата на ОБСЕ во Црна Гора, Мисијата на ОБСЕ во Србија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје што се одржа на 13 и 14 октомври 2011г. во Сараево во Босна и Херцеговина.*

*Околу 100-тина меѓународни и локални експерти и членови на медиуми од Југоисточна Европа присуствуваа на конференцијата и дискутираа околу последните медиумски случувања, како и за предизвиците во регионот.*

*Конференцијата се фокусираше на независноста на медиумите, вклучително и на проблемите на јавниот радиодифузен сервис, правните предизвици за медиумската слобода, насилството и заплашувањето на новинарите и проблемот со нивните работни услови.*

***Учесниците на конференцијата:***

*Ја нагласуваат* слободата на изразување како основно право и како суштински столб на доброто владеење и владеењето на правото;

*Ја потврдуваат* важноста од слободата на изразување и слободата на медиумите
- вклучително и на начелата на независноста, плурализмот и разноликоста - со своите две значења како суштински алатки за одбрана на сите други права и како суштински елемент на демократијата и унапредувањето на развојните цели;

*Нагласуваат* дека само медиумите кои што се вистински политички независни, независни економски и уредувачки, можат соодветно да ја исполнат својата клучна улога во едно демократско општество: да бидат контролори така наречени „куче-чувар" на Владите и бизнисите за непристрасно да ја информираат својата публика за сите важни аспекти во животот, при тоа одразувајќи ги најразновидните гледишта при што му дозволуваат на општеството тоа да направи избор кога ги избира и ги проценува сопствените влади;

*Свесни се* за фактот дека државни медиуми не треба да постојат во едно демократско општество;

*При тоа забележуваат* дека суштинскиот напредок во Југоисточна Европа се оствари во времето на нејзината транзиција во демократија на самиот почеток на 1990-тите г. Преку реформирање на застарените и репресивни закони и политики коишто беа поврзани со медиумите;

*Препознаваат* дека спроведувањето на либералното законодавство во медиумите продолжува и понатаму да претставува проблем така што потребна е понатамошна реформа на законодавството за медиумите во полето на кривичната и граѓанската клевета, јавниот

радиодифузен сервис, издавањето дозволи на радиодифузерите, пристапот до информации, транспарентноста на медиумската сопственоста и во заштитата на новинарските права во вработувањето;

*Загрижени се* поради значителниот број на насилни напади извршени врз новинари и врз имотот што му припаѓа на медиумот, а воедно и поради зголемениот број случаи каде што новинари и членови на нивните семејства биле заплашувани;

*Ја поздравуваат* осудата од владите за ваквите напади и нивниот зголемен успех во истрагата на овие случаи на насилство против новинарите и доведувањето на сторителите пред лицето на правдата;

*При тоа истакнуваат* дека владите треба и понатаму да ги зајакнуваат мерките како би можеле да одговорат на ваквите насилни напади и застрашувања врз новинарите и другите членови во медиумите, и придонесат кон создавање на една пријатна медиумска средина во којашто новинарите и уредниците ќе бидат почитувани и кон нив ќе се гледа како на вистински сервис на јавноста;

*Ја препознаваат* потребата за развивање и одржување на доброволно создадените механизми за саморегулација кои што се независни од властите, базирани врз највисоките стандарди на професионалното новинарски стандарди, со цел за да се понуди соодветен и пропорционален одговор на новинарските грешки и прекршувањата во новинарската етика.

*Свесни се за* предизвиците коишто произлегуваат од оскудните работни услови на значителен дел од новинарите коишто работат во Југоисточна Европа, вклучително и постоењето на договори на дело, што не обезбедуваат економска стабилност ниту пак какви било општествени бенефиции;

***Учесниците ја усвојуваат* следната Декларација:**

***1. независност на медиумите***

- Постои итна потреба за понатамошно јакнење на независноста на медиумите и на нивните самостојни регулаторни тела;
- Јавните власти од секое ниво треба отворено и решително да признаат и да обезбедат и уредничка и финансиска независност за нивните јавни сервиси, бидејќи тие се од суштествена важност за обезбедувањето на функционалната демократија, а со тоа ќе се обезбеди и стожерот за слобода на медиумите;
- Не е попотребно да постои државна сопственост во медиумите. Некои законски рамки сé уште не ги спречуваат јавните институции или функционерите да поседуваат медиуми. Истовремено, таму каде што ова е забрането тоа може да се заобиколи со тоа што ќе се затскрие потенцијалниот конфликт на интереси;
- Граѓанското општество, медиумите и владините заинтересирани страни треба да ги промовираат и да ги спроведуваат општите стандарди и начела на независноста на медиумите;

***2. Реформирање на медиумското законодавство***

- Усвојувањето на медиумското законодавство мора да биде проследено со сеопфатни јавни и парламентарни дебати;
- Медиумското законодавство мора да биде во согласност со заложбите на ОБСЕ за слободни медиуми и со меѓународните стандарди, како што се документите на Советот на Европа и судската пракса на Европскиот суд за човекови права;

- Владите мора да сторат сѐ што е потребно да ги поддржат и да ја заштитат работата на независните регулаторни власти;
- Парламентите треба да воспостават механизми за набљудување со цел да се обезбеди соодветно, унифицирано и целосно спроведување на медиумското законодавство без разлика на политичките и економските интереси;

***3. Зајакнување на јавниот медиумски сервис***

- Постојното законодавство за јавниот радиодифузен сервис треба целосно да се спроведе со тоа што ќе се гарантира уредничката и финансиската независност на јавните радиодифузери;
- Финансиската независност на јавниот радиодифузен сервис треба да биде загарантирана со закон;
- Властите треба да развијат и да спроведуваат соодветни механизми за финансирање со што ќе се овозможи одржливо работење на јавниот радиодифузен сервис, а со тоа се обезбедува и среднорочното и долгорочното ефикасно планирање;
- Јавниот радиодифузен сервис треба да се стреми кон развивање на високо квалитетни програми кои што се наменети за сите сегменти во нивните општествава, вклучително и за националните малцинства врз основа на начелата за рамномерност и непристрасност.

***4. Намалување на насилството и заплашувањето на новинари***

- За сите случаи на закани и насилства против новинарите мора да се поведе истрага која што ќе биде навремена и на начин што ветува резултат. Сторителите и нарачателите на овие кривични дела мора да бидат изведени пред лицето на правдата во судски рочишта што ќе бидат отворени за јавноста и за медиумите.

***5. Реформи на законот за клевета***

- Клеветата треба целосно да биде декриминилизирана, а пак со законот за клевета единствено треба да се справува граѓанскиот суд;
- Надоместокот на штета треба да е соодветен на настаната штета која што не смее да создаде стечајна состојба во медиумот заради елиминирање на така наречениот „застрашувачки ефект" кон критички настроеното новинарство. Ова може да се постигне преку воведување на максимален лимит на сумата на финансискиот надоместок што произлегува од граѓанското право;
- Законот воедно треба да побара од функционерите да покажат одреден степен на толеранција во однос на упатената медиумската критика, дури и тогаш кога известувањата што се наменети за јавноста содржат фактички недоследности.

***6. Промовирање на волонтерско и независно само регулирање во медиумот и етичкото новинарство***

- Механизмите на медиумското саморегулирање, вклучувајќи го и етичкиот кодекс што е зацртан и адаптиран од самите новинари без никакво влијание на властите со цел за да се подобри квалитетот на новинарството, а притоа да се зачувува слободата на медиумот;
- Професионалните новинари треба да тежнеат кон прецизност и објективност и треба да го почитуваат етичкиот кодекс бидејќи транспарентите механизми за саморегулирање им нудат доволно правни можности на лицата чијашто репутација е повредена и со тоа тие придонесуваат за зголемување на професионализмот и за веродостојноста на медиумот.

***7. Обезбедување транспарентност во сопственоста на медиумот***

- Ограничувањето на монополот и обезбедување транспарентност во медиумската сопственоста претставуваат предуслови за плурализмот во медиумите;

- Заобиколувањето на медиумската сопственост, а и на законите за конкурентност, а воедно и на синџирите на компании што само навидум се појавуваат како независни едни од други, а всушност се во сопственост на едно лице е нешто кое што мора да се запре;
- Правилата за конфликтот на интереси како и Законите за слобода на информирање треба соодветно да се спроведуваат бидејќи тие ја зголемуваат транспарентноста во смисла на медиумската сопственост;
- Поради тоа, Парламентите, според нивните надлежности, треба поактивно да го штитат плурализмот во медиумите, да усвојуваат закони со коишто се ограничува сопственоста во радиодифузните и печатените медиуми;
- Заради тоа владите треба да признаат и да го укинат влијанието на рекламните агенции кое што може да го имаат врз медиумите. Добиените приходи од рекламирањето не треба да се користат како алатки за економски вид на цензурирање од страна на корпорациите и од владите кон медиумите;
- Владите и политичките партии треба да обезбедат транспарентност при распределбата на рекламирањето што е финансирано со јавните средства;

***8. Потреба да се зајакнат Здруженијата на новинари и да се подобрат условите на работењето на новинарите***

- Правните гаранции за набљудување на основните новинарските права во вработувањето треба да бидат зајакнати. Новинарите треба да се потпрат врз ефикасни правни средства како би можеле да ги заштитат своите работнички права;
- Новинарските организации, телата за саморегулирање и НВО треба да ја зголемат својата соработка преку споделување и промовирање на најдобрите пракси;
- Затоа новинарите помеѓу себе треба да се стремат кон вистинска професионална солидарност;

**Сараево, 14 октомври 2011**